РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 02-2840/10
11.07.2025 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ЗАПИСНИК
## од 2-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 07.07.2025 година

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** м-р Сашо Стефановски, Зирјета Јајага, Гордана Мајнова, Афрона Врзиволи, Цветанка Миновска, Петар Џуровски

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата:** Виктор Павловски.

**На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба:** м-р Драгица Љубевска, Цветанка Митревска, Емилија Јаневска, Магдалена Довлева Давидовска, Горан Радуновиќ, Весна Симоновска, Маја Дамевска, Јетон Исмаили.

**Други присутни:** /

Претседателот на Советот м-р Сашо Стефановски ја отвори 2-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 11:00 часот и се одржа во просториите на Агенцијата, конференциска сала, втор кат.

Советот на Агенцијата, едногласно го усвои следниот:

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. Усвојување на Предлог-записник од 23-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 05.06.2025 година.
2. Усвојување на Предлог-записник од Конститутивната седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 03.07.2025 година.
3. Предлог за ребаланс на Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2025 година со Предлог-одлука.
4. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на операторот АЛТРА-САТ 2000 ДООЕЛ Охрид, за прекршување на член 141 од ЗААВМУ.
5. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на ТРД ТВ М Арнаудов Михајло Охрид ДООЕЛ, за прекршување на член 50 став 3 од ЗААВМУ и на членовите 20 и 21 од Правилникот за заштита на малолетните лица.

6. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на ТРД ТВ студио ТЕРА Манговски Зоран Битола ДООЕЛ, за прекршување на член 50 став 3 од ЗААВМУ и на членовите 20 и 21 од Правилникот за заштита на малолетните лица.
7. Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка - услуга: Денови на медиумска писменост 2025.
8. Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка - стока: Лиценца за Firewall.
9. Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка - услуга: Дигитални сертификати.
10. Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка - услуга: Истражување - Анализи на родовите прашања и на начинот на прикажување и претставување на жените и на мажите во програмите на радиодифузерите.
11. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои предложениот Записник од 23-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 05.06.2025 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои предложениот Записник од Конститутивната седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 03.07.2025 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 3**

Директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, д-р Зоран Трајчевски, го објасни предлогот за ребаланс на Финансискиот план за 2025 година. Тој истакна дека вкупните планирани расходи според планот ќе останат на претходно утврденото ниво, односно изнесуваат 202.429.722,00 денари. Со предложените измени, ќе се прераспределат 1.525.000,00 денари, кои ќе се обезбедат од заштеди направени во изминатиот период. Овие средства ќе се добијат со намалување на одредени ставки: 390.000,00 денари ќе се одземат од ставката за надоместоци на трошоци за работници и граѓани. Тоа се средства што претходно се користеле за надоместоци на поранешните членови на Советот на Агенцијата, 246.000,00 денари ќе се одземат од ставката за интелектуални и други услуги, 417.000,00 денари ќе се одземат од ставката за плати, бидејќи внатрешниот ревизор на Агенцијата во февруари бил избран на друга државна функција и од тогаш не му се исплаќа плата. Со тоа автоматски се намалуваат и придонесите за пензиско, здравствено и друго осигурување. Овие 1.525.000,00 денари ќе се искористат за следното: 515.000,00 денари – за електронско мерење на

гледаноста на платеното политичко рекламирање на националните телевизии за време на локалните избори во октомври 2025 година, 710.000,00 денари – за огласи во дневни весници на македонски и албански јазик (преку нова јавна набавка), 300.000,00 денари – за пристап до онлајн платформа што овозможува мониторинг и изработка на извештај за објави поврзани со АВМУ на интернет портали, социјални мрежи, инфлуенсери, влогери и слично, за период од 6 месеци.

Г-дин Џуровски побара подетално објаснување за ставката од 300.000,00 денари, која е предвидена за пристап до платформа за мониторинг и изработка на извештаи за онлајн медиуми, интернет портали и социјални мрежи, со фокус на инфлуенсери, влогери и креатори на содржини, за период од шест месеци.

Г-дин Трајчевски посочи дека Агенцијата не може самостојно да врши мониторинг на ваков вид содржини без соодветен софтвер. Набавката на таков софтвер е премногу скапа, поради што, по консултации со неколку компании кои нудат вакви услуги и презентирање на нивните решенија, било заклучено дека е поекономично да се користи веќе постоечки софтвер преку месечна претплата. Во таа насока, предложено е наместо еднократна инвестиција, да се обезбеди месечен надомест за користење на услугата во период од шест месеци, во вкупен износ од 300.000,00 денари. Трајчевски дополнително објасни дека, според досегашното искуство, преку електронска аукција оваа сума вообичаено се намалува, иако незначително, бидејќи се применува т.н. негативна аукција. Воедно, најави дека на наредната седница ќе се изврши измена на Планот за јавни набавки, по што ќе биде распишан јавен оглас за сите три предвидени набавки, вклучувајќи ја и оваа. Процесот ќе го спроведат службите на Агенцијата, кои ќе изберат најсоодветен оператор за реализација на услугите.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Одлука со која се одобрува ребаланс на Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2025 година, бр.05-1883/1 од 25.04.2025 година.

Вкупно планираните расходи според Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2025 година остануваат на претходно утврденото ниво, односно изнесуваат 202.429.722,00 денари.

Со измените кои што се предлагаат, ќе се обезбедат средства наменети за:

- обезбедување податоци добиени со електронско мерење, за гледаноста на платеното политичко рекламирање со детални податоци за емитување ППР (платено политичко рекламирање) на националните терестријални телевизии за време на Локалните избори во 2025 година, во износ од 515.000,00 денари;

- закуп на простор за објавување на огласи во дневни весници, во износ од 710.000,00 денари, и

- обезбедување на пристап до платформа за мониторинг и изработка на извештаи за онлајн медиуми – интернет портали и социјални мрежи со фокус на инфлуенсери /влогери/ креатори на содржини и за објави поврзани со АВМУ за период од 6 (шест) месеци, во износ од 300.000,00 денари.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведената Одлука да ја објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 4**

Г-дин Трајчевски го образложи предлогот за изрекување мерка јавна опомена на операторот АЛТРА-САТ 2000 ДООЕЛ од Охрид, поради прекршување на член 141 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗААВМУ). Тој појасни дека оваа мерка требало да биде разгледана уште на претходна седница, со претходниот состав на Советот на АВМУ, но седницата не се одржала бидејќи токму тој ден бил избран новиот состав на Советот. При надзор било утврдено дека операторот го прекршил Законот, бидејќи емитувал програмски сервиси („ТВ Канал 5“, „ТВ Алсат М“, „Minimax“ и „Balkanika“) кои не се наведени во потврдата за регистрација на програмски сервиси издадена од Агенцијата. Заради тоа се предлага да му се изрече мерка јавна опомена, бидејќи ова е прв ваков прекршок во текот на оваа година, операторот ќе биде известен веднаш да престане со емитување на тие програмски сервиси и потоа ќе се изврши мониторинг за да се провери дали операторот ја испочитувал одлуката на Советот.

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен програмски надзор, бр.11-2615/1 од 19.06.2025 година и едногласно заклучи на Трговското друштво за производство, трговија и услуги АЛТРА - САТ 2000 ДООЕЛ Охрид да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 141 став 13 од ЗААВМУ и во согласност со точката 8 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-4139/1 од 07.11.2022 година, му наложи веднаш по приемот на Решението за јавна опомена да го усогласи своето работење со ЗААВМУ.

Со надзорот беше констатирано дека Трговското друштво за производство, трговија и услуги АЛТРА - САТ 2000 ДООЕЛ Охрид, кое според нотификацијата од Агенцијата за електронски комуникации може да врши дејност на територијата на општина Охрид, на ден 18.06.2025 година, за своите корисници ги реемитувал програмските сервиси „ТВ Канал 5“, „ТВ Алсат М“, „Minimax“ и „Balkanika“, кои не се опфатени со потврдата за регистрација на програмски сервиси издадена од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, што е спротивно на член 141 став 13 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Секторот за правни работи да го изготви Решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот оператор.

Секторот за стратешко планирање и авторски права по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (операторот) постапил по изречената мерка.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 5**

Г-дин Трајчевски објасни дека се предлага изрекување мерка јавна опомена за два радиодифузери, ТРД ТВ М Арнаудов Михајло Охрид ДООЕЛ и ТРД ТВ студио ТЕРА Манговски Зоран Битола ДООЕЛ. Причината е прекршување на член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, како и членовите 20 и 21 од Правилникот за заштита на малолетните лица. Со надзорот било утврдено дека двете телевизии емитувале програми кои биле од втората категорија, но не била правилно

прикажана предупредувачката сигнализација. На почетокот и за време на емитувањето недостигале бројката „8“ и знакот „+“, што се задолжителни елементи за да се означи возрасната категорија на публиката. Се предлага јавна опомена, бидејќи ова е прв прекршок од ваков вид во 2025 година, да им се наложи во рок од 20 дена по приемот на Решението да го усогласат своето работење со Законот и Правилникот и по истекот на рокот, Агенцијата ќе изврши контролен надзор за да провери дали радиодифузерите постапиле согласно опомената.

Раководителката на Секторот за програмски работи, м-р Емилија Јаневска, објасни дека прекршувањето било утврдено при редовен надзор спроведен во мај 2025 година. Се работи за неправилна употреба на предупредувачката сигнализација за програми од втора категорија. Според член 23 од ЗААВМУ, Советот на Агенцијата е должен пред да изрече јавна опомена да побара изјаснување од радиодифузерот за утврденото прекршување. По изготвување на Извештајот и негово објавување на веб-страницата, Агенцијата побарала официјално изјаснување од радиодифузерот. Радиодифузерот се изјаснил во рок, и тоа изјаснување е дел од доставениот материјал до Советот. Во дописот, радиодифузерот навел дека веднаш постапил по препораките во Извештајот и ја усогласил програмата со законските одредби.

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за редовен програмски надзор, бр.10-2253/1 од 29.05.2025 година и едногласно заклучи на ТРД ТВ М Арнаудов Михајло Охрид ДООЕЛ, да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 50 став 3 од ЗААВМУ и на членовите 20 и 21 од Правилникот за заштита на малолетните лица, затоа што на 2 мај 2025 година, повеќе програми беа емитувани со погрешно применета предупредувачката сигнализација за програма од втората категорија. Од целината на пропишаниот изглед на предупредувачката сигнализација на почетокот и за време на емитувањето недостигаа бројката „8“ и знакот „+“, како показатели на возрасната група гледачи за која е наменета програмата.

Во согласност со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-4139/1 од 07.11.2022 година, му се наложи во рок од 20 (дваесет) дена од денот на приемот на Решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Секторот за правни работи и јавни набавки да изготви Решение за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената опомена (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 6**

Г-дин Трајчевски го образложи предлогот за изрекување мерка јавна опомена на ТРД ТВ Студио ТЕРА Манговски Зоран Битола ДООЕЛ, поради прекршување на член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗААВМУ) и членовите

20 и 21 од Правилникот за заштита на малолетните лица. Тој објасни дека станува збор за исто прекршување како и кај радиодифузерот од претходната точка. Со надзорот било утврдено дека при емитување на две играни програми, неправилно била применета предупредувачката сигнализација за програма од втората категорија. Од пропишаниот изглед на сигнализацијата недостигаа бројката „8" и знакот „+", со што не било јасно назначено дека програмата е наменета за публика постара од 8 години.

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за редовен програмски надзор, бр.10-2247/1 од 29.05.2025 година и едногласно заклучи на ТРД ТВ студио ТЕРА Манговски Зоран Битола ДООЕЛ, да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 50 став 3 од ЗААВМУ и на членовите 20 и 21 од Правилникот за заштита на малолетните лица, затоа што на 2 мај 2025 година, во текот на емитувањето на две играни програми погрешно беше применета предупредувачката сигнализација за програма од втората категорија. Од целината на пропишаниот изглед на предупредувачката сигнализација недостигаа: бројката „8"; и знакот „+", како показатели на возрасната група гледачи за која е наменета програмата.

Во согласност со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-4139/1 од 07.11.2022 година, му се наложи во рок од 20 (дваесет) дена од денот на приемот на Решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Секторот за правни работи и јавни набавки да изготви Решение за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената опомена (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 7**

Раководителката на Секторот за правни работи и јавни набавки, Цветанка Митревска, го образложи предлогот за давање одобрување за спроведување постапка за јавна набавка на услуга – „Денови на медиумска писменост 2025". Таа објасни дека оваа јавна набавка е планирана согласно Годишниот план за јавни набавки за 2025 година на Агенцијата и средствата за набавката се обезбедени преку Финансискиот план на Агенцијата за 2025 година. Постапката ќе се спроведе како поедноставена и отворена, со јавен оглас што ќе биде објавен во Електронскиот систем за јавни набавки и во Службен весник на Република Северна Македонија. Таа додаде дека сите дополнителни податоци се содржани во материјалите доставени по оваа точка од дневниот ред.

Раководителката на Секторот за програмски работи, м-р Емилија Јаневска образложи дека оваа година по седми пат ќе се одржат Деновите на медиумска писменост, кои ќе се организираат во втората половина на ноември, веднаш по завршувањето на Локалните избори. Посочи дека темата на Деновите секоја година се

усогласува со активностите на УНЕСКО за глобалната недела на медиумска информациска писменост, а за 2025 година генералната тема е „Умот пред вештачката интелигенција“. Во рамки на оваа тема повеќе членки на Мрежата за медиумска писменост, која ја координира Агенцијата, ќе организираат различни активности. Од економскиот оператор што ќе биде избран преку јавната набавка се очекува: да ја осмисли целокупната кампања и дизајнот; да изработи видео и радио спотови, да креира објави за рекламирање на социјалните мрежи, да споделува објави од настаните за време на Деновите на медиумска писменост, да организира најмалку две работилници како дел од активностите на Агенцијата. Посочи дека другите активности ќе ги покриваат самите организатори, членки на Мрежата, додека со набавката ќе се обезбеди и рекламен материјал за настаните. Исто така, го истакна првиот настан, кој традиционално го организира Агенцијата, годинава ќе биде голема регионална конференција во организација на Делегацијата на Европската Унија во Македонија. На овој настан ќе бидат отворени Деновите на медиумска писменост и ќе бидат презентирани активностите кои ќе се реализираат во текот на настанот. Образложи дека набавката се прави однапред поради потребата операторот да има доволно време да ја осмисли целокупната кампања.

Г-дин Џуровски побара појаснување во врска со организацијата на Деновите на медиумска писменост.

Раководителката Јаневска објасни дека активноста се реализира во рамки на глобалната недела на медиумска информациска писменост на УНЕСКО, при што Агенцијата ја усогласува организацијата на Деновите да биде во тој период. Додаде дека на 27 април 2017 година, по иницијатива на Агенцијата и уште 35 други граѓански организации, медиуми, министерства, образовни институции и други субјекти, беше формирана Мрежа за медиумска писменост. Во моментот мрежата брои 87 членки, од кои 84 се правни лица, а 3 се физички лица. Од нив, околу 15 членки се поактивни, претежно граѓански организации.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување на директорот на Агенцијата, за спроведување на постапка за јавна набавка - услуга: Денови на медиумска писменост 2025.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот: одржување Денови на медиумска писменост 2025, е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2025 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.05-5321/1 од 27.12.2024 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2025-та година.

**Точка 8**

Г-ѓа Митревска го образложи Предлогот за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка на лиценца за Firewall. Објасни дека е потребно да се набави лиценца за уред за безбедност на компјутерската мрежа, со цел да се обезбеди заштита на компјутерската мрежа во Агенцијата. Посочи дека за оваа набавка се исполнети сите законски предуслови, и дека набавката е предвидена во Планот за јавни набавки и Финансискиот план на Агенцијата. Според проценетата вредност, набавката ќе се спроведе како набавка од мала вредност, при што ќе се

почитуваат одредбите од Законот за јавни набавки за ваков вид постапка. Г-ѓа Митревска информира дека постапката ќе започне со објавување на оглас во електронскиот систем за јавни набавки и ќе заврши со користење електронска аукција.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување на директорот на Агенцијата, за спроведување на постапка за јавна набавка - стока: Лиценца Firewall.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот: Лиценца Firewall, е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2025 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.05-5321/1 од 27.12.2024 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2025-та година.

**Точка 9**

Раководителката на Секторот за правни работи и јавни набавки, Цветанка Митревска, го образложи Предлогот за давање одобрување за спроведување постапка за јавна набавка на услуга: Дигитални сертификати. Објасни дека набавката се спроведува со цел продолжување на важноста на постојните дигитални сертификати и потреба за издавање нови дигитални сертификати за потпис, познати како токени. Посочи дека набавката е предвидена во Финансискиот план и Планот за јавни набавки на Агенцијата. Информира дека постапката ќе биде спроведена како набавка од мала вредност, со почитување на законските одредби, преку објавување оглас во електронскиот систем за јавни набавки. Нагласи дека сите дополнителни податоци за набавката се содржани во материјалите доставени за седницата.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување на директорот на Агенцијата, за спроведување на постапка за јавна набавка - услуга: Дигитални сертификати.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот: Дигитални сертификати, е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2025 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.05-5321/1 од 27.12.2024 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2025-та година.

**Точка 10**

Раководителката на Секторот за правни работи и јавни набавки, Цветанка Митревска, го образложи Предлогот за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка на услуга: Истражување – Анализи на родовите прашања и начинот на прикажување и претставување на жените и мажите во програмите на радиодифузерите. Објасни дека изработката на ова годишно истражување е законска обврска на Агенцијата, согласно Законот за еднакви можности на жените и мажите. Посочи дека набавката ќе се спроведе како поедноставена, отворена постапка, согласно проценетата вредност. Постапката ќе започне со објавување на оглас во електронскиот систем за јавни набавки и во Службен весник на Република Северна Македонија.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување на директорот на Агенцијата, за спроведување на постапка за јавна набавка услуга: Истражување - Анализи на родовите прашања и на начинот на прикажување и претставување на жените и на мажите во програмите на радиодифузерите.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот: Истражување - Анализи на родовите прашања и на начинот на прикажување и претставување на жените и на мажите во програмите на радиодифузерите, е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2025 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.05-5321/1 од 27.12.2024 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2025-та година.

**Точка 11**

**Разно**

Немаше дискусија под Разно.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**м-р Сашо СТЕФАНОВСКИ**